Врз основа на член 131 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20,3/25 и 75/25), министерот за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот на следење и вреднување на работата на стручните соработници

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот за следење и вреднување на работата на стручните соработници во основните училишта.

### Член 2

Следењето и вреднувањето на стручните соработници во однос на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на стручните соработници се врши од страна на Бирото за развој на образованието и од страна на директорот на основното училиште.

### Член 3

По барање на Комисијата за исполнетоста на професионалните стандарди за кандидатите за стручен соработник – ментор или стручен соработник – советник (во натамошниот текст: Комисијата), од страна на Бирото за развој на образованието се спроведува увид во збирката на докази за професионалната пракса, како и непосредно следење на планирањето, организацијата и следењето на реализацијата на воспитно-образовна работа на секој поединечен стручен соработник (во натамошниот текст: кандидати).

### Член 4

Бирото за развој на образованието, во утврдениот рок, до Комисијата доставува оценка за исполнетоста на стандардите за секој кандидат.

Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник – ментор се води на образец кој е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник – советник се води на образец кој е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Најголемиот број на бодови добиени од Оценката за исполнетоста на професионалните стандарди е 80 за звањето стручен соработник- ментор, односно 100 за звањето стручен соработник-советник.

### Член 5

По барање на Комисијата, училиштето во кое работи кандидатот дава мислење за секој кандидат.

**Член 6**

Училиштето во кое работи кандидатот, во утврдениот рок, до Комисијата доставува мислење за исполнетоста на стандардите од став 1 на овој член за секој кандидат.

Мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник - ментор се води на образец кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

Мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник - советник се води на образец кој е даден во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник.

Од страна на училиштето се дава мислење врз основа на податоците со кој располага тимот за професионален развој на училиштето, мислењето на наставниците, мислењето на родителите и мислењето на учениците.

Мислењето од училиштето се потпишува од страна на директорот на училиштето.

Најголем број на бодови добиени од мислењето за исполнетоста на професионалните стандарди на стручниот соработник од основното училиште е 20 за звањето стручен соработник - ментор, односно 25 за звањето стручен соработник-советник.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министер за образование и наука,**

**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Бр.18-9043/1**
**27.06.2025 година**

Прилог 1

Архивски бр.________________

Датум______________________

# Оценка за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник - ментор

**Стручен соработник______________________________**

**Работно место___________________________________**

**Училиште_______________________________________**

**Врз основа на увидот во збирката на докази за професионалната пракса и непосредното следење на планирањето, организацијата и реализацијата на работата, стручниот соработник ги доби следните бодови по подрачја:**

| **Подрачје 1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | Можни бодови | Добиени бодови |
|---|---|---|
| **1.1. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | | |
| Ја проценува подготвеноста на учениците за вклучување и напредување во образовниот систем. | 1 | |
| Умее да ги идентификува различните образовни потреби на учениците и користи различни пристапи во помагањето на учениците во користење на соодветната стратегија и техника во учењето. | 1 | |
| Има познавање за користење асистивна технологија при работа со ученици со посебни образовни потреби. | 1 | |
| Обезбедува сите ученици да имаат еднакви можности за успех користејќи приоди за подобрување на учењето базирани на најновите научни сознанија. | 2 | |
| Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование и ги користи за градење на инклузивно училиште. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **7** | |
| **1.2. СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| Применува индивидуална и групна форма на работа со учениците прилагодувајќи ги на создадената ситуацијата и видот на проблемот. | 2 | |
| Идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците. | 1 | |
| Развива стратегија за поддршка на развојот на учениците, прилагодена на специфичните можности, потреби и интереси на ученици и спецификите на самото училиштето. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **5** | |
| **1.3. ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| Избира и користи соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на ученици. | 1 | |
| Професионалното и кариерно советување на учениците го базира на утврдените интереси, способности и општествени можности. | 1 | |
| Го унапредува процесот на професионална ориентација и кариерно насочување во училиштето. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **4** | |

| | | |
|---|---|---|
| **Подрачје 2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | |
| **2.1. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** | | |
| Дава стручна поддршка во планирање на наставата/изготвување на индивидуален образовен план. | 1 | |
| Дава насоки на наставниците како да ги користи резултатите од оценувањето за подобрување на планирањето, поучувањето, вреднувањето и учењето. | 1 | |
| Дава поддршка во спроведување на проектни активности и воннаставни активности со кои се подобрува квалитетот на наставата. | 1 | |
| Им помага на наставниците да избираат и изготвуваат инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и соодветно да ги користат или им помага на наставниците при планирањето да водат грижа за социјалните и културните карактеристики на средината и семејствата на учениците[1]. | 1 | |
| Промовира современи и иновативни приоди во реализацијата на воспитно - образовна работа. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **2.2. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ** | | |
| Им помага на наставниците во изборот на соодветни методи, активности и содржини за соработка со родителите. | 1 | |
| Дава поддршка на наставниците за користење на индивидуализација и диференцијација во наставата, во додатната и дополнителната настава и воннаставните активности. | 1 | |
| Дава помош на наставникот во справување со непочитувањето на правилата и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците. | 1 | |
| Им помага на наставниците во препознавање и работа со различни ученици според можностите, потребите и интересите. | 2 | |
| Придонесува за создавање стимулативна и поттикнувачка средина за учениците во училиштето. | 2 | |
| Создава клима на прифаќање на различностите и конструктивно справување со кризни состојби. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **9** | |
| **Подрачје 3. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | |
| **3.1. ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА, КОНСУЛТАЦИИ И ЕДУКАЦИЈА СО РОДИТЕЛИТЕ** | | |
| Ги идентификува потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и дава соодветна поддршка на семејството. | 1 | |
| На родителите на децата со посебни образовни потреби им помага да ја разберат и прифатат состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка. | 1 | |
| Им помага на родителите да развијат вештини поквалитетно да го поттикнат развојот и учењето на своето дете почитувајќи ги современите трендови за родителство. | 1 | |
| Соодветно реагира на конфликтни ситуации на релација родител - училиште. | 2 | |
| Го подобрува информирањето на родителите од страна на училиштето. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **7** | |
| **3.2. ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО** | | |
| Систематично ја подобрува соработката на училиштето со семејството | 2 | |

[1] Се однесува на социолозите и социјалните работници

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **2** | |
| **Подрачје 4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| **4.1. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ** | | |
| Придонесува вредностите на културите во заедницата да се рефлектираат во сите аспекти на работата на училиштето. | 1 | |
| Иницира и развива партнерска соработка со заедницата за прашања релевантни за образованието во заедницата. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **3** | |
| **Подрачје 5: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | |
| **5.1. ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ** | | |
| Соработува со стручните соработници и со професионални здруженија во и надвор од училиштето. | 1 | |
| Ги идентификува потребите за личен професионален развој користејќи ги стандардите и резултатите од саморефлексија на сопствената работа. | 1 | |
| Стекнатите знаења преку стручно усовршување (формалното, неформалното и информалното образование и учење) ги користи за унапредување на сопствената пракса. | 2 | |
| Изготвува инструменти за рефлексија и самоевалуација и ги споделува искуствата од сопствениот професионален развој и професионална практика. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **5.2. ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
| Планирањето на професионалниот развој го поврзува со потребните компетенции на наставниците и стручните соработници и промовира доживотно учење. | 2 | |
| Придонесува за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето преку реализирање разни форми на обуки и поддршка. | 2 | |
| Воспоставува систем на професионален развој на воспитно – образовниот кадар во училиштето. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **Подрачје 6: АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | | |
| **6.1. АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | |
| Поврзува, обработува и анализира различни податоци за воспитно образовната работа и извлекува заклучоци од анализите. | 1 | |
| Придонесува да се воспостави систем за редовни анализи на одделни воспитно-образовни прашања во училиштето. | 1 | |
| Ги интерпретира резултатите од анализите и известува за нив. | 1 | |
| Се залага резултатите од анализите да се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес. | 1 | |
| **ВКУПНО** | **4** | |
| **6.2. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | |
| Ги почитува методолошките стандарди при избор и изработка на мерни инструменти и правилата за користење на истите. | 1 | |
| Спроведува истражувања/акциски истражувања на прашања актуелни за училиштето, процесот на учење и за учениците. | 1 | |
| Ги користи резултатите од истражувањата во сопствената практика. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **4** | |
| **Подрачје 7 УЧИЛИШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, СТРУКТУРА И КЛИМА** | | |
| **7.1. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА** | | |

| | | |
|---|---|---|
| Го следи воспитно-образовниот процес и предлага мерки за унапредување. | 1 | |
| Користи инструменти за следење и ги интерпретира добиените сознанија за следениот час; развива стратегии за подобрување на наставата; ИЛИ учествува во процесот на опфаќање на училишните обврзници и формирање на паралелките. | 1 | |
| Ги следи и анализира промените во образованието и ги користи при градење на образовни политики во училиштето. | 2 | |
| Резултатите од евалуацијата на работата на училиштето ги користи за подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **7.2. УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО** | | |
| Придонесува за инклузивната клима во училиштето. | 1 | |
| Развива стратегии за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и соработка и демократско учество на учениците во училиштето | 2 | |
| Ги идентификува можните закани по безбедноста кои се специфични за училиштето и за конкретната популација во училиштето. | 1 | |
| Создава позитивна и недискриминаторска училишна клима и комуникација. | 2 | |
| Практикува различни начини за справување со кризни ситуации во училиштето ИЛИ се грижи за вклученоста на учениците со девијантно однесување во активностите во и надвор од училиштето[2] ИЛИ работи на обезбедување целосен опфат на учениците од семејства со социјален ризик[3] ИЛИ се грижи за соодветна вклученоста на учениците со посебни образовни потреби во активностите на ученичките заедници[4] | 1 | |
| Развива стратегии за создавање безбедна и стимулативна средина за учење. | 2 | |
| Го осмислува процесот на кризна интервенција во училиштето. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **11** | |
| **ВКУПНО БОДОВИ** | **80** | |

Со добиени вкупно __________ бодови, стручниот соработник ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник-ментор.

Установа _______________________________________________________

Изготвил _______________________________________________________________________

(име и презиме на советник) (потпис)

Контролирал ___________________________________________________

Одобрил_______________________________________________________

Директор _____________________________________________________

М.П.

[2] Се однесува на социолози

[3] Се однесува на социјални работници

[4] Се однесува на специјални едукатори и рехабилитатори

Прилог 2

Архивски бр.________________

Датум______________________

# Оценка за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник - советник

**Стручен соработник-ментор_____________________________**

**Работно место_____________________**

**Училиште________________________________**

**Врз основа на увидот во збирката на докази за професионалната пракса и непосредното следење на планирањето, организацијата и реализацијата на работата, стручниот соработник ги доби следните бодови по подрачја:**

| **Подрачје 1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | Можни бодови | Добиени бодови |
|---|---|---|
| **1.1.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | | |
| Ја проценува подготвеноста на учениците за вклучување и напредување во образовниот систем. | 1 | |
| Умее да ги идентификува различните образовни потреби на учениците и користи различни пристапи во помагањето на учениците во учењето. | 1 | |
| Придонесува за инклузија на учениците во пошироката заедница. | 2 | |
| Обезбедува сите ученици да имаат еднакви можности за успех користејќи приоди за подобрување на учењето базирани на најновите научни сознанија. | 2 | |
| Познава различни концепти и модели за развој на инклузивно образование и ги користи за градење на инклузивно училиште. | 1 | |
| Промовира современи приоди во учењето пред пошироката професионална заедница. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **9** | |
| **1.2. СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| Го прилагодува пристапот во индивидуалната и групната работа со учениците на ситуацијата и видот на проблемот. | 2 | |
| Идентификува и соодветно реагира на кризни состојби на учениците. | 1 | |
| Развива стратегија за поддршка на развојот на учениците, прилагодена на специфичните можности, потреби и интереси на ученици и спецификите на самото училиштето. | 2 | |
| Развива иновативни приоди за следење и поддршка на развојот на учениците. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **7** | |
| **1.3. ПРОФЕСИОНАЛНА И КАРИЕРНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ** | | |
| Избира и користи соодветни методи и инструменти за професионална ориентација и советување за кариерно насочување на ученици. | 1 | |
| Професионалното и кариерно советување на учениците го базира на утврдените интереси, способности и општествени можности. | 1 | |
| Го унапредува процесот на професионална ориентација и кариерно насочување во училиштето. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **4** | |
| **Подрачје 2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| **2.1. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** | | |
| Дава стручна поддршка во планирање на наставата/изготвување на индивидуален образовен план. | 1 | |
| Дава насоки на наставниците како да ги користи резултатите од оценувањето за подобрување на планирањето, поучувањето, вреднувањето и учењето. | 1 | |
| Дава поддршка во спроведување на проектни активности и воннаставни активности со кои се подобрува квалитетот на наставата. | 1 | |
| Им помага на наставниците да избираат и изготвуваат инструменти за вреднување и самовреднување на постигањата на учениците и соодветно да ги користат или им помага на наставниците при планирањето да водат грижа за социјалните и културните карактеристики на средината и семејствата на учениците[5]. | 1 | |
| Промовира современи и иновативни приоди во реализацијата на воспитно - образовна работа. | 2 | |
| Изработува концепциски и програмски документи на национално ниво. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **8** | |
| **2.2. ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ** | | |
| Им помага на наставниците во изборот на соодветни методи, активности и содржини за соработка со родителите. | 1 | |
| Дава поддршка на наставниците за користење на индивидуализација и диференцијација во наставата, во додатната и дополнителната настава и воннаставните активности. | 1 | |
| Дава помош на наставникот во справување со непочитувањето на правилата и разрешување на проблеми со однесувањето на учениците. | 1 | |
| Им помага на наставниците во препознавање и работа со различни ученици според можностите, потребите и интересите. | 2 | |
| Придонесува за создавање стимулативна и поттикнувачка средина за учениците во училиштето; | 2 | |
| Создава клима на прифаќање на различностите и конструктивно справување со кризни состојби. | 2 | |
| Придонесува за развивање и евалуација на системски интервенции/промени во училиштето, општината или регионот. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **11** | |
| **Подрачје 3. РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | |
| **3.1. ИНДИВИДУАЛНИ И ГРУПНИ СОВЕТУВАЊА, КОНСУЛТАЦИИ И ЕДУКАЦИЈА СО РОДИТЕЛИТЕ** | | |
| Ги идентификува потенцијалните кризни ситуации во семејствата што го засегаат развојот и учењето на учениците и дава соодветна поддршка на семејството. | 1 | |
| На родителите на децата со посебни образовни потреби им помага да ја разберат и прифатат состојбата на нивните деца и да им ја дадат потребната помош и поддршка. | 1 | |
| Им помага на родителите да развијат вештини поквалитетно да го поттикнат развојот и учењето на своето дете почитувајќи ги современите трендови за родителство. | 1 | |
| Соодветно реагира на конфликтни ситуации на релација родител - училиште. | 2 | |
| Го подобрува информирањето на родителите од страна на училиштето. | 2 | |
| Родителите и пошироката јавност ги едуцира за прашања поврзани со родителството преку средствата за масовно комуницирање. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **9** | |

[5] Се однесува на социолозите и социјалните работници

| | | |
|---|---|---|
| **3.2. ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО** | | |
| Систематично ја подобрува соработката на училиштето со семејството. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **2** | |
| **Подрачје 4. СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| **4.1. СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА И СТРУЧНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИЗАЦИИ** | | |
| Придонесува вредностите на културите во заедницата да се рефлектираат во сите аспекти на работата на училиштето. | 1 | |
| Презема водечка улога во соработката со заедницата на нови подрчја на работа. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **3** | |
| **Подрачје 5: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | |
| **5.1. ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ** | | |
| Соработува со стручните соработници и со професионални здруженија во и надвор од училиштето. | 1 | |
| Ги идентификува потребите за личен професионален развој користејќи ги стандардите и резултатите од саморефлексија на сопствената работа. | 1 | |
| Стекнатите знаења преку стручно усовршување (формалното, неформалното и информалното образование и учење) ги користи за унапредување на сопствената пракса. | 2 | |
| Изготвува инструменти за рефлексија и самоевалуација и ги споделува искуствата од сопствениот професионален развој и професионална практика. | 2 | |
| Развива и применува стратегии и документи за професионален развој на регионално и национално ниво. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **8** | |
| **5.2. ПОДДРШКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ И СОРАБОТКАТА ВО УЧИЛИШТЕТО** | | |
| Го планира професионалниот развој врз основа на испитувањето на потребите на наставниците. | 1 | |
| Планирањето професионалниот развој го поврзува со потребните компетенции на наставниците и стручните соработници и промовира доживотно учење. | 1 | |
| Придонесува за професионалниот развој и стекнување на повисоки компетенции на наставниците и стручните соработници во училиштето и пошироко. | 2 | |
| Воспоставува систем на професионален развој на воспитно – образовниот кадар во училиштето. | 2 | |
| Иницира меѓуучилишна соработка за професионален развој. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **8** | |
| **Подрачје 6: АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | | |
| **6.1. АНАЛИЗА И ПРОЦЕНКА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | |
| Поврзува, обработува и анализира различни податоци за воспитно-образовната работа и извлекува заклучоци од анализите. | 1 | |
| Придонесува да се воспостави систем за редовни анализи на одделни воспитно-образовни прашања во училиштето. | 1 | |
| Ги интерпретира резултатите од анализите и известува за нив. | 1 | |
| Се залага резултатите од анализите да се користат за унапредување на воспитно-образовниот процес. | 1 | |
| Прави критички осврт/анализа на постојните состојби во образованието. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **6.2. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА** | | |

| | | |
|---|---|---|
| Ги почитува методолошките стандарди при избор и изработка на мерни инструменти и правилата за користење на истите. | 1 | |
| Спроведува истражувања/акциски истражувања на прашања актуелни за училиштето, процесот на учење и за учениците. | 1 | |
| Ги користи резултатите од истражувањата во сопствената практика. | 2 | |
| Работи на истражувачки проекти во соработка со други стручни национални и меѓународни институции. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **Подрачје 7 УЧИЛИШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, СТРУКТУРА И КЛИМА** | | |
| **7.1. УЧИЛИШНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИЈА** | | |
| Води одделни подрачја од процесот на самоевалуација и развојното планирање во училиштето. | 2 | |
| Ги следи и анализира промените во образованието и ги користи при градење на образовни политики во училиштето. | 2 | |
| Резултатите од евалуацијата на работата на училиштето ги користи за подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес. | 2 | |
| Развива и реализира проекти за унапредување на воспитно-образовната работа на регионално и национално ниво. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **8** | |
| **7.2. УЧИЛИШНА КЛИМА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО** | | |
| Развива стратегии за мултикултурализам, интеркултурализам и меѓуетничка интеграција и соработка и демократско учество на учениците во училиштето и во пошироката заедница. | 2 | |
| Ги идентификува можните закани по безбедноста кои се специфични за училиштето и за конкретната популација во училиштето. | 1 | |
| Создава позитивна и недискриминаторска училишна клима и комуникација. | 2 | |
| Презема активности за создавање безбедна и позитивна средина за учениците во локалната заедница. | 2 | |
| Развива стратегии за создавање безбедна и стимулативна средина за учење. | 2 | |
| Го осмислува процесот на кризна интервенција во училиштето. | 2 | |
| **ВКУПНО** | **11** | |
| **ВКУПНО БОДОВИ** | **100** | |

Со добиени вкупно ________ бодови, стручниот соработник -ментор ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник-советник.

Установа ____________________________________________

Изготвил ______________________________________________________________________

(име и презиме на советник) (потпис)

Контролирал _________________________________________

Одобрил_____________________________________________

Директор ____________________________________________

М.П.

Прилог 3

Архивски бр.________________

Датум______________________

# Мислење на училиштето за исполнетоста на стандардите за стручен соработник – ментор

**Училиште**______________________________________________-___________________________

(место)

**Стручен соработник**____________________________________________

**Профил** ______________________________________________________

| **Подрачје: РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | Можни бодови | Добиени бодови |
|---|---|---|
| Кај учениците гради високи лични стандарди за успех и позитивен став кон себе си и сопственото учење. | 1 | |
| Комуницира со учениците на начин кој обезбедува поддршка и доверба. | 1 | |
| Комуникацијата со учениците ја заснова врз меѓусебна почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања. | 1 | |
| **ВКУПНО** | **3** | |
| **Подрачје: РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | |
| Промовира создавање и одржување отворена и стимулативна средина која поттикнува истражување, учење и независност. | 1 | |
| Промовира култура на самоевалуација на воспитно-образовната работа како основа за нејзино унапредување. | 1 | |
| Промовира почитување на разликите и демократските вредности. | 1 | |
| Дава стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно. | 1 | |
| Се залага за почитување на личноста на секој ученик и за поттикнување на неговите јаки страни од страна на вработените во училиштето. | 1 | |
| Промовира култура на наставничко–родителска соработка. | 1 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **Подрачје: РАБОТА СО РОДИТЕЛИ И СО ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| Ја прилагодува комуникацијата во зависност од ситуацијата и личноста на родителот. | 1 | |
| Промовира доверба и разбирање за градење на партнерства со семејствата. | 1 | |
| Ги мотивира и вклучува родителите во активностите на училиштето. | 1 | |
| Промовира професионалност, доверба и почит во градење на партнерства со стручните институции. | 1 | |
| **ВКУПНО** | **4** | |
| **Подрачје: УЧИЛИШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, СТРУКТУРА И КЛИМА И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | |
| Промовира вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување. | 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| Развива чувство за припадност, взаемно почитување, прифаќање, недискриминација и придонес кон училишната заедница. | 1 | |
| Им помага на учениците и наставниците во функционирање на училишната заедница врз демократски основи. | 1 | |
| Промовира вредности кои се однесуваат на личната безбедност и безбедноста на другите. | 1 | |
| Активно промовира професионални и колегијални односи и соработува со колегите. | 1 | |
| Ги мотивира наставниците професионално да се усовршуваат и создава поттикнувачка средина во која сите учат. | 1 | |
| Промовира и практикува етичко однесување во сите видови на професионална комуниикација (со учениците, колегите и пошироката заедница). | 1 | |
| **ВКУПНО** | **7** | |
| **ВКУПНО ОД СИТЕ ПОДДРАЧЈА** | **20** | |

Со добиени вкупно __________ бодови, стручниот соработник ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник-ментор.

Училиште _______________________________________________________________

Тим за професионален развој на училиштето:

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

Директор _______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

М.П.

Датум_____________________________

Прилог 4

Архивски бр.________________

Датум______________________

# Мислење на училиштето за исполнетоста на стандардите за стручен соработник – советник

**Училиште**______________________________________________-___________________________

(место)

**Наставник**______________________________________________

**Наставен предмет**______________________________________

| **Подрачје: РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | Вкупно бодови | Добиени бодови |
|---|---|---|
| Кај учениците гради високи лични стандарди за успех и позитивен став кон себе си и сопственото учење. | 1 | |
| Комуницира со учениците на начин кој обезбедува поддршка и доверба. | 1 | |
| Комуникацијата со учениците ја заснова врз меѓусебна почит и внимание, промовирајќи ги позитивните вредности, ставови и однесувања. | 1 | |
| **ВКУПНО** | **3** | |
| **Подрачје: РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | |
| Промовира создавање и одржување отворена и стимулативна средина која поттикнува истражување, учење и независност. | 1 | |
| Промовира култура на  самоевалуација на воспитно-образовната работа како основа за нејзино унапредување. | 1 | |
| Промовира почитување на разликите и демократските вредности. | 1 | |
| Дава стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно. | 1 | |
| Се залага за почитување на личноста на секој ученик и за поттикнување на неговите јаки страни од страна на вработените во училиштето. | 1 | |
| Промовира култура на наставничко–родителска соработка. | 1 | |
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **Подрачје: РАБОТА СО РОДИТЕЛИ И СО  ЗАЕДНИЦАТА** | | |
| Ја прилагодува комуникацијата во зависност од ситуацијата и личноста на родителот. | 1 | |
| Промовира доверба и разбирање за градење на партнерства со семејствата. | 1 | |
| Ги мотивира и вклучува родителите во активностите на училиштето. | 1 | |
| Развива ефективна соработка со семејствата. | 1 | |
| Промовира соработка со локалната заедница. | 1 | |
| Промовира професионалност, доверба и почит во градење на партнерства со стручните институции. | 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **6** | |
| **Подрачје: УЧИЛИШНА ОРГАНИЗАЦИЈА, СТРУКТУРА И КЛИМА И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | |
| Промовира систематичност и одговорност во работењето на училиштето. | 1 | |
| Поттикнува соработка меѓу сите чинители во училиштето за создавање безбедна средина и позитивна клима. | 1 | |
| Промовира вредности кои се однесуваат на прифаќање на различностите, толеранција и ненасилно однесување. | 1 | |
| Развива чувство за припадност, взаемно почитување, прифаќање, недискриминација и придонес кон училишната заедница. | 1 | |
| Им помага на учениците и наставниците во функционирање на училишна заедница врз демократски основи. | 1 | |
| Промовира вредности кои се однесуваат на личната безбедност и безбедноста на другите. | 1 | |
| Активно промовира професионални и колегијални односи и соработува со колегите. | 1 | |
| Придонесува за инклузија на учениците во пошироката заедница. | 1 | |
| Ги мотивира наставниците професионално да се усовршуваат и создава поттикнувачка средина во која сите учат. | 1 | |
| Промовира и практикува етичко однесување во сите видови на професионална комуникација (со учениците, колегите и пошироката заедница). | 1 | |
| **ВКУПНО** | **10** | |
| **ВКУПНО ОД СИТЕ ПОДДРАЧЈА** | **25** | |

Со добиени вкупно __________ бодови, стручниот соработник ги задоволи/не ги задоволи минималниот број бодови за исполнетоста на професионалните стандарди за стручен соработник-советник.

Училиште _______________________________________________________________

Тим за професионален развој на училиштето:

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

_______________________________________________________________

(име и презиме) (потпис)

________________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

________________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

________________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

Директор ________________________________________________________
(име и презиме) (потпис)

М.П.

Датум_____________________________